# Изложба на тема „700 години од смртта на Данте Алигиери“

Објавено од Слободан Пачовски
Четврток, 21 Октомври 2021 10:29 - Последно освежено Четврток, 21 Октомври 2021 10:34



Во холот на НУУБ „Св Климент Охридски“ – Битола, е поставена изложба на тема „700 години од смртта на Данте Алигиери“.
Данте Алигиери (1265 - 1321) е италијански поет, еден од најголемите книжевници во светската литература и автор на бесмртното дело „Боженствена комедија“, која претставува едно од најважните литературни дела на сите времиња, познато во целиот свет.
Неговото дело напишано на народен италијански јазик претставува суштински елемент на идентитетот на италијанскиот народ, поради кое тој се смета за татко на италијанскиот јазик, а неговото дело успева да заземе клучна улога во културниот живот на Европа во наредните векови.
Во изложбата се изложени книги од Данте Алигиери и од други познати италијански автори како: Итало Калвино, Алберто Моравија, Сузана Тамаро, Еко Умберто, Донато Каризи, Александро Барико, Паоло Џордано и др.
Изработил: Маријан Колевски